ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општината Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 01/26), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден __.10.2026 година ја донесе следната

ПРОГРАМА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТАЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА НА ПРОМОЦИЈАТА, КОМУНИКАЦИЈАТА СО ЈАВНОСТА И МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА ВО 2026 ГОДИНА

1. Со оваа Програма се вршат следните измени во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.17/25):

- Во точка 3 „Организација на јавни настани“ во колоната „Предвидени средства“ износот „300.000,00 “ се брише и се заменува со износот „270.000,00“.

- Во точка 5 „Трошоци за репрезентација“ во колоната „Предвидени средства“ износот „300.000,00 “ се брише и се заменува со износот „150.000,00“.

- Во точка 6 „Непредвидени трошоци“ во колоната „Предвидени средства“ износот „50.000,00 “ се брише и се заменува со износот „58.500,00“.

- Во делот „ВКУПНО”, во колоната „Предвидени средства“, износот „1.050.000,00” се брише и се заменува со износот „878.500,00”.

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата, комуникацијата со јавноста и меѓународната соработка во 2026 година се врши намалување на првично предвидените средства, согласно проценката дека дел од истите нема да бидат искористени до крајот на буџетската година, со цел рационално и ефективно управување со буџетските средства и нивно прераспределување кон други приоритетни активности и потреби на Општината.

Финансиските средства кои се намалуваат од оваа програма се прераспределуваат во рамки на самата Програма согласно утврдените потреби и приоритети, додека преостанатите средства се пренаменуваат во Програмата за активностите Општина Велес во областа на образованието.

Табеларен приказ

Активности на Општина Велес во областа на ПРОМОЦИЈА, КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА за 2026 година		
	НАЗИВ	**ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА**
1	Изработка и печатење на промотивен материјал	200.000,00
2	Набавка на промотивни сувенири и подароци	50.000,00
3	Организација на јавни настани	270.000,00
4	Организирани работни посети во странство, посети на претставници од Општина Велес на збратимени градови и градови пријатели на Велес	150.000,00
5	Трошоци за репрезентација	150.000,00
6	Непредвидени трошоци	58.500,00
	ВКУПНО	878.500,00